УНИВЕРЗИТЕТ „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ“ - ШТИП

2021

# ГОДИШЕН ЗБОРНИК НА ФАКУЛТЕТ ЗА ТУРИЗАМ И БИЗНИС ЛОГИСТИКА

# YEARBOOK OF FACULTY OF TOURISM AND BUSINESS LOGISTICS

ГОДИНА 1

VOLUME I

GOCE DELCEV UNIVERSITY - STIP

УНИВЕРЗИТЕТ „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ“ – ШТИП
ФАКУЛТЕТ ЗА ТУРИЗАМ И БИЗНИС ЛОГИСТИКА

ISSN 2671-3969

# ГОДИШЕН ЗБОРНИК НА
# ФАКУЛТЕТ ЗА ТУРИЗАМ И БИЗНИС ЛОГИСТИКА
# 2021

# YEARBOOK OF
# FACULTY OF TOURISM AND BUSINESS LOGISTICS
# 2021

ГОДИНА 1 VOLUME I

GOCE DELCEV UNIVERSITY – STIP
FACULTY OF TOURISM AND BUSINESS LOGISTICS

УНИВЕРЗИТЕТ „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ“ – ШТИП
ФАКУЛТЕТ ЗА ТУРИЗАМ И БИЗНИС ЛОГИСТИКА

| ГОДИШЕН ЗБОРНИК НА ФАКУЛТЕТ ЗА ТУРИЗАМ И БИЗНИС ЛОГИСТИКА | YEARBOOK OF FACULTY OF TOURISM AND BUSINESS LOGISTICS |
|---|---|


**За издавачот**
Проф. д-р Татјана Бошков
**For the publisher**
Prof. Tatjana Boshkov, Ph.D.



| | |
|---|---|
| **Издавачки совет** | **Editorial board** |
| Проф. д-р Блажо Боев | Prof. Blažo Boev, Ph.D. |
| Проф. д-р Лилјана Колева Гудева | Prof. Liljana Koleva Gudeva, Ph.D. |
| Проф. д-р Мишко Џидров | Prof. Mishko Dzidrov, Ph.D. |
| Проф. д-р Татјана Бошков | Prof. Tatjana Boshkov, Ph.D. |
| Проф. д-р Наташа Митева | Assis. Prof. Natasha Miteva, PhD. |
| | |
| **Редакциски одбор** | **Editorial staff** |
| Проф. д-р Татјана Бошков | Prof. Tatjana Boshkov, Ph.D. |
| Проф. д-р Мишко Џидров | Prof. Mishko Dzidrov, Ph.D. |
| Доц. д-р Наташа Митева | Assis. Prof. Natasha Miteva, PhD. |
| Проф. д-р Никола В. Димитров | Prof. Nikola V. Dimitrov, PhD. |
| Проф. д-р Билјана Петревска | Prof. Biljana Petrevska, PhD. |
| Проф. д-р Елизабета Митрева | Prof. Elizabeta Mitreva, PhD. |
| Проф. д-р Златко Јаковлев | Prof. Zlatko Jakovlev, PhD. |
| Проф. д-р Цане Котески | Prof. Cane Koteski, PhD. |
| Проф. д-р Драшко Атанасоски | Prof. Drasko Atanasoski, PhD. |
| Проф. д-р Мичо Апостолов | Prof. Mico Apostolov, PhD. |
| Проф. д-р Александра Жежова | Prof. Aleksandra Zezova, PhD. |
| Проф. д-р Зоран Темелков | Prof. Zoran Temelkov, PhD. |
| Проф. д-р Марија Магдинчева-Шопова | Prof. Marija Magdinceva-Shopova, PhD. |
| Проф. д-р Тања Ангелкова Петкова | Prof. Tanja Angelkova Petkova, PhD. |
| Проф. д-р Дејан Методијески | Prof. Dejan Metodijeski, PhD. |
| Проф. д-р Мимоза Серафимова | Prof. Mimoza Serafimova, PhD. |
| Доц. д-р Душко Јошески | Assis. Prof. Dushko Joseski, PhD. |
| Доц. д-р Оливер Филипоски | Assis. Prof. Oliver Filiposki, PhD. |
| Доц. д-р Владимир Китанов | Assis. Prof. Vladimir Kitanov, PhD. |
| Доц. д-р Анета Стојановска-Стефанова | Assis. Prof. Aneta Stojanovska-Stefanova, PhD. |
| Доц. д-р Душица Попова | Assis. Prof. Dushica Popova, PhD. |
| Доц. д-р Цветанка Ристова Магловска | Assis. Prof. Cvetanka Ristova Maglovska, PhD. |
| Д-р Билјана Цоневска Гуњовска | Biljana Conevska Gunjovska, PhD. |
| | |
| **Уредувачки одбор** | **Editors** |
| Проф. д-р Татјана Бошков – Главен уредник | Prof. Tatjana Boshkov, PhD. – Managing Editor |
| Доц. д-р Наташа Митева – Одговорен уредник | Assis. Prof. Natasha Miteva, PhD. – Editor in chief |
| Доц. д-р Душко Јошески – Уредник | Assis. Prof. Dushko Joseski, PhD. - Editor |
| Доц. д-р Цветанка Р. Магловска – Уредник | Assis. Prof. Cvetanka R. Maglovska, PhD. - Editor |
| | |
| **Техничко уредување** | **Technical editor** |
| Славе Димитров | Slave Dimitrov |
| | |
| **Јазично уредување** | **Language editor** |
| Вангелија Цавкова | Vangelija Cavkova |
| д-р Марија Крстева | Marija Krsteva, PhD. |



| | |
|---|---|
| **Редакција и администрација** | **Address of the editorial office** |
| Универзитет „Гоце Делчев“ – Штип | Goce Delcev University – Stip |
| Факултет за туризам и бизнис логистика | Faculty of Tourism and Business Logistics |
| ул. „Крсте Мисирков“ бб, п. факс 201, | Krste Misirkov 10-A., PO box 201, |
| 2000 Штип, РС Македонија | 2000 Štip, RN Macedonia |


GOCE DELCEV UNIVERSITY – STIP
FACULTY OF TOURISM AND BUSINESS LOGISTICS

## СОДРЖИНА - CONTENTS

**Никола В. Димитров** - ФАКТОРИ И УСЛОВИ ЗА РАЗВОЈ НА ВЕРСКИ ТУРИЗАМ ВО ОПШТИНА БИТОЛА СО ПОСЕБЕН ОСВРТ НА МАНАСТИРСКИОТ ТУРИЗАМ ....................6

**Biljana Petrevska; Vlatko Cingovski** - SUSTAINABILITY IN HOTEL INDUSTRY: THE ROLE OF ROOFTOP PV PLANTS....................12

**Златко Јаковлев** - УЛОГА И ЗНАЧЕЊЕ НА ФИНАНСИСКИОТ МАНАЏМЕНТ ЗА РАБОТЕЊЕТО НА ТУРИСТИЧКО - УГОСТИТЕЛСКИТЕ ПРЕТПРИЈАТИЈА ..........18

**Златко Јаковлев; Душита Матета Гигова** - МЕНАЏМЕНТ НА КВАЛИТЕТ ВО ТУРИЗМОТ ....................26

**Mimoza Serafimova; Bobana Stefanoska** - OPERATIONS STRATEGY AND COMPETITIVENESS - CASE STUDY AND ANALYSIS....................31

**Tatjana Boshkov; Mishko Djidrov** - CIRCULAR ECONOMY CONCEPT AND PERSPECTIVES IN CROATIA ....................39

**Дејан Методијески; Оливер Филипоски** - КОН ПРИСТАПЕН ТУРИЗАМ ВО РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА....................44

**Марија Магдинчева-Шопова; Анета Стојановска-Стефанова** - ПОЛИТИКИ ЗА РАЗВОЈ НА РОДОВО ПРЕТПРИЕМНИШТВО ....................53

**Dushko Josheski; Tatjana Boshkov** - BEQUEST TAXATION, ESTATE TAXATION, LAND TAXATION, OPTIMUM TOWN, HENRY GEORGE THEOREM AND CAPITAL TAXATION: A SURVEY....................58

**Aneta Stojanovska-Stefanova; Marija Magdinceva-Sopova** - WOMEN'S RIGHTS ARE HUMAN RIGHTS: A DECADE OF THE COUNCIL OF EUROPE ISTANBUL CONVENTION ....................79

**Mladen Micevski; Biljana Petrevska** - OTTOMAN HERITAGE: SPECIFIC PERCEPTION OF STUDENTS FROM NORTH MACEDONIA ....................90

**Емануела Есмерова; Драшко Атанасоски** - ОБУКАТА И РАЗВОЈОТ НА ЧОВЕЧКИТЕ РЕСУРСИ ВО ЕКОНОМИСУВАЊЕ НА ПРЕТПРИЈАТИЈАТА............94

**Перпарим Ќахили; Цане Котески** - ВЛИЈАНИЕТО НА ЗАГАДУВАЊЕТО ВРЗ РАЗВОЈОТ НА ТУРИЗМОТ ВО РЕГИОНОТ НА АНА МОРАВА....................100

**Ивица Јосифовиќ** - РЕГУЛАТИВАТА ЕУРОДАК: КОН ПОДОБАР СИСТЕМ ЗА ЕВИДЕНЦИЈА И КОНТРОЛА МИГРАЦИЈАТА И АЗИЛОТ....................115

**Христина Рунчева-Тасев; Филип Стојковски** - ЕФЕКТИТЕ НА КОВИД-19 ПАНДЕМИЈАТА ВРЗ МЕЃУНАРОДНИТЕ ОДНОСИ: ТРАНСФОРМАТИВНА МОЌ НА ГЛОБАЛНАТА КРИЗА ....................115

**Цеват Кицара** - ИМИЏОТ И РЕПУТАЦИЈАТА НА ДЕСТИНАЦИЈАТА КАКО ФАКТОР ЗА ПРОМОЦИЈА НА ПРЕСПАНСКИОТ РЕГИОН КАКО ТУРИСТИЧКА ДЕСТИНАЦИЈА ВО РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА ....................128

**Марио Чобанов** - СОВРЕМЕНИ ТРЕНДОВИ НА СИНЏИРИТЕ НА СНАБДУВАЊЕ ВО ВРЕМЕ НА ГЛОБАЛНИ ПРОМЕНИ – СОСТОБИ И ПЕРСПЕКТИВИ.................137

**Александар Магдески** - СТРАТЕГИЈА ЗА РАЗВОЈ НА ТУРИСТИЧКИТЕ ЕВЕНТИ СО ПОСЕБЕН ОСВРТ НА „ПИВО ФЕСТ“ – ПРИЛЕП..................................................144

**Наташа Петровска** - КУЛТУРОШКО-ПРАВНИТЕ АСПЕКТИ НА ЕКОТУРИЗМОТ КАКО ФАКТОР ЗА ПОВТОРНО ЗАЖИВУВАЊЕ НА ТУРИЗМОТ ПО ПАНДЕМИЈАТА СО КОВИД-19..........................................................................153

UDK 338.483.12]:726:27-523.4(497.774)”2019”

# ФАКТОРИ И УСЛОВИ ЗА РАЗВОЈ НА ВЕРСКИ ТУРИЗАМ ВО ОПШТИНА БИТОЛА СО ПОСЕБЕН ОСВРТ НА МАНАСТИРСКИОТ ТУРИЗАМ

**Никола В. Димитров**
Факултет за туризам и бизнис логистика, Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип, nikola.dimitrov@ugd.edu.mk

Апстракт

Македонија е библиска земја и крстосница на повеќе религии (христијанство, ислам, јудаизам и др.). Општината и градот Битола се добар пример на мултиконфесионален простор кој располага со мотиви за верски туризам. На овој простор се среќаваат повеќе цркви, манастири, џамии и други верски објекти. Во статијата, користејќи литература и емпириско истражување се обработени факторите и условите за развој на верски туризам во општина Битола, со посебен осврт на манастирскиот туризам. Од делот на фактори, повеќе се задржуваме на бројот, видот и важноста на верските објекти за развој на верскиот туризам во градот и општината. Од условите, посебно е истражена состојбата со манастирите како главни капацитети за сместување на верници и други посетители. Во истражувањето се користат и статистички податоци за движење на туристичката посета. Целта на трудот е преку анализа да се согледа улогата на факторите и условите за развој на верски туризам во општина Битола. Посебно внимание се посветува на анализа на активните манастири и нивните можностите за практикување на манастирски туризам преку промоција на верска и туристичка понуда за поголема посета од верници и туристи.

Клучни зборови: верски храмови, празници, верници, туристички движења

## 1. Вовед

Верувањата се стари колку и човекот. На територијата на Македонија се среќаваат светилишта и култни места од предисторија, стар и среден век, па наваму кон денешницата. Се проценува, дека на територијата на државата има над 4000 разни свети места, антички храмови, ранохристијански базилики, средновековни храмови, верски објекти градени во последните неколку векови и многу верски храмови и други објекти градени во современо време.

Територијата на општина Битола, располага со стари ранохристијански храмови, особено значајна е базилика во античкиот локалитет Хераклеја (кој бил и епископско средиште) градена во IV век, и функционирала до VI век, односно до згаснувањето на античкиот град. Нешто подоцна, населението и нивниот живот се преместил на денешната локација на град Битола. Со најновите археолошки истражувања, за утврдување на локацијата на средновековна Битола, се откриени и темели на христијански сакрален објект кој егзистирал преку пет културни хоризонти од VII до XIV век. [1]

Со доаѓањето на Османлиите, се шири новата вера – ислам, па така на местото на неколку стари христијански храмови се подигнуваат џамии, а со ширењето на градот, се градат и нови џамии. Во тоа време во Битола, доаѓаат и Евреи и го пропагираат јудаизмот, како трета вера. Во текот на XIX век се проповеда и христијанска католичка црква, а во текот на XX век се појавуваат и други цркви со свои објекти – евангелска црква, христијанско – адвентистичка и методистичка црква. Денес, сите наведени вери во Битола имаат верници, храмови и други верски објекти (гробишта, верски спомен обележја и сл.).

## 2. Фактори за развој на верски и манастирски туризам

Во фактори за развој на верски туризам во општина Битола ќе бидат анализирани, неколку параметри, а тоа се: бројот и видот на вери и верници, бројот и видот на верски објекти и нивната туристичко географска разместеност и туристичката посетеност на општината.
Општина Битола зафаќа површина од 787 км$^2$, има 95.385 жители, 66 населени места и густина на населеност од 121 ж/км$^2$. [1], [2]

Во општина Битола, во 2002 година живееле 95.385 жители, од кои православни биле 85.224 жители (89,3%), муслимани 8752 жители (9,2%), католици 151 жител (0,2%), протестанти 11 (0,01%) и останати 1247 жители (1,3). [1], [2]

Од податоците се гледа дека во општината над 98% од населението припаѓаат на различни верски конфесии. Тоа говори, дека општината има голем број на верници. Во Битола и населбите во општината доминираат две вери – православното христијанство и исламот.

Градот и населбите на општина Битола се наоѓаат во состав на преспанско – пелагониската епархија, која е поделена на четири посебни архиерејски намесништва (битолско, прилепско, ресенско и крушевско - демирхисарско). Битолско архиерејско намесништво, е составено од 12 парохии, од кои 6 парохии (градска или битолска, приградска, кукуречанска, бистричка, лисолајска и буковска парохија) кои се во состав на општина Битола. [5], [6]

Градот и населбите на општина Битола се дел од Муфтиство Битола, во чии состав се џамии во град Битола и џамии во населби од општината каде живее муслиманско население. [6]

Вкупниот број верски храмови во 2020 година во општина Битола изнесува 188, од кои 140 верски храмови има во селските населби (74,5%), а 48 во град Битола (25,5%). Најмногу има православни христијански објекти, вкупно 160 цркви, параклиси и манастири (85,1%), потоа следат муслиманските објекти и тоа вкупно 22 џамии (11,7%), и 6 објекти од другите конфесии (2,7%). [5], [8] Најголем број од верските храмови има во град Битола, и тоа православни цркви 23, параклиси 4 и манастири 4, потоа муслимански храмови 11 џамии, и по еден објект од другите конфесии. (Види: Табела 1) [8]

Табела 1. Број и видови на верски храмови во општина и град Битола
Table 1. Number and types of religious temples in the municipality and the city of Bitola

| **Верски храмови** | | **Вкупно** | **Битола** | **Села** |
|---|---|---|---|---|
| **Цркви** *(православни)* | | 127 | 23 | 104 |
| **Параклиси** *(православни)* | | 11 | 4 | 7 |
| **Манастири, вкупно** | | 22 | 4* | 18 |
| *Од тоа манастири:* | *со конаци и монаштво* | *2* | *0* | *2* |
| | *со конаци без монаштво* | *10* | *1* | *9* |
| | *без конаци* | *10* | *3* | *7* |
| **Џамии** | | 22 | 11 | 11 |
| **Меморијален парк на Евреите**** | | 1 | 1 | 0 |
| **Други храмови** | Католички *(од кои 1 манастир)* | 2 | 2 | 0 |
| | Евангелски | 1 | 1 | 0 |
| | Христијанско-адвентистички | 1 | 1 | 0 |
| | Методистички | 1 | 1 | 0 |
| **Се вкупно храмови:** | | **188** | **48** | **140** |

Извор: [1], [4], [5], [6], [8] *Манастири кои се наоѓаат во периферијата на град Битола, во месностите: Баир, Германски гробишта, Довлеџик и Смолево.** Во град Битола покрај цивилни гробишта (православни, муслимански и католички гробишта) има и воени гробишта (француски воени гробишта со меморијален музеј, српски, германски и бугарски воени гробишта - во село Цапари). Во Битола и околината има уште неколку други верски објекти: гробот на дервишот Тезверен Баба кај Дрвен Пазар, Турбе во старите муслимански гробишта, „Петочна вода на Баирот, црквиче Св. Ѓорѓи со извор „сребрена вода" во близина на месноста Кисела Вода, потоа во близина на античкиот град Хераклеја е месноста „Сива Вода", во градскиот парк е споменикот „Руски крст", над село Горно Ореово „Дупен Камен", како и други мали параклиси со икони, крстови, извори и чешми со свети води на разни локации низ општината. За сите наведени „свети места" има легенди, преданија и историски податоци.

Друг важен податок за верските заедници е соодносот на храмови спрема верници. Бидејќи немаме податоци за бројот на храмови во 2002 година, правиме анализа на број на верници од пописот 2002 година со број на храмови во 2020 година (податоци добиени од теренско истражување и анкета).

Табела 2. Верски соодноси, број на храмови, верници, во општина Битола
Table 2. Religious relations, number of temples and believers in the municipality of Bitola

| **Вера** | **Место** | **Број на верници (2002)** | **Број на храмови (2020)** | **Просек** |
|---|---|---|---|---|
| Православно Христијанство | Град Битола | 66492 | 31 | 2145 |
| | Села | 18732 | 129 | 145 |
| | **Вкупно** | **85224** | **160** | **532** |
| Ислам | Град Битола | 7043 | 11 | 640 |
| | Села | 1909 | 11 | 173 |
| | **Вкупно** | **8752** | **22** | **398** |
| Католици | Битола | 151 | 2 | 75 |
| | Села | 7 | 0 | 0 |
| Други | Град Битола | 1066 | 4 | 266 |
| | Села | 181 | 0 | 0 |
| | **Вкупно** | **1247** | **4** | **312** |
| Се вкупно | Град Битола | 74550 | 48 | 1553 |
| | Села | 20835 | 140 | 149 |
| | **Вкупно** | **95385** | **188** | **507** |

Извор: [3], [8] Теренско истражување и анкета.

Така, вкупно во Општина Битола просекот на бројот на верници на еден храм, изнесува 507 верници. Гледано по верска припадност според место, град – село, соодносите се следни: во град Битола,

на еден православен храм просечно доаѓаат 2135 верници, во селата по 145 верници или вкупно 532 православни верници на еден храм. За исламската вера, соодносите се следни: во град Битола бројот на верници на еден исламски храм доаѓаат 640 муслиманските верници, во селата по 173 верници или вкупно 389 муслимански верници на еден храм. (Види: Табела 2.)

Во оваа прилика подвлекуваме, дека во градот и во селата има повеќе мали храмови (цркви, параклиси, манастири и џамии) со мала квадратура и во нив можат да се молат мал број верници.
Во град Битола има 4 поголеми православни цркви, 3 поголеми џамии и 1 катедрала кои максимално за време на молитва можат да примат по неколку стотина верници.

Важен сегмент од факторите за развој на верскиот туризам се специфичностите на верските храмови, односно нивната архитектура, периодот на градба, изгледот (екстериерот и ентериерот), богатството со украси (фрески, икони, иконостас, амвон, престол, калиграфија, мимбер, михраб и сл.), големината на храмот, историја на храмот, други интересни податоци за храмот, светецот, легенди, преданија и др. Вакви специфики имаат најголем број од верските храмови (цркви, параклиси, манастири, крстови, свети води, џамии, текиња, катедрали, синагоги и сл.), со што и дава уште една вредност на верските објекти во правец на привлекување на верници и други туристи.

Во 2019 година РС Македонија е посетена од 1.184.963 туристи, од кои 427.370 домашни (36,1%) и 757.593 странски туристи (63,9%). Во истата година, Пелагонискиот регион бил посетен од 72.833 туристи, од кои 42.168 домашни (57,9%) и 30.655 странски туристи (42,1%). (Види: Табела 3). [2], [3]

Табела 3. Туристички движења за општина Битола и регионот во 2019 г.
Table 3. Tourist movements for the municipality of Bitola and the region in 2019.

| *1.***Држава** *2.***Регион** *3.***Општина** **%** | **Туристи** | | | **Ноќевања** | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | **Вкупно** | **Домашни** | **Странски** | **Вкупно** | **Домашни** | **Странски** |
| *1.***РСМакедонија** | 1184963 | 427370 | 757593 | 3262389 | 1684627 | 1577771 |
| **%** | 100 | 100 | 100 | 100 | 100 | 100 |
| *2.***Пелагониски** | 72833 | 42168 | 30655 | 182520 | 103066 | 80454 |
| **%** *(1:2)* | 6,1 | 9,8 | 4,0 | 5,6 | 6,1 | 5,1 |
| *3.***Битола** | **32932** | **11695** | **21272** | **75284** | **20099** | **55185** |
| **%** *(1:3)* | 2,8 | 2,7 | 2,8 | 2,3 | 1,2 | 3,5 |
| **%** *(2:3)* | 45,2 | 27,7 | 69,4 | 41,2 | 19,5 | 68,6 |

Извор: [2], [3] превземено 02.08.2021 година
http://makstat.stat.gov.mk/PXWeb/pxweb/mk/MakStat/MakStat_TirizamUgostitel_Turizam

Општина Битола во 2019 година ја посетиле 32.932 туристи, од кои 11.695 домашни (35,4% ) и 21.272 биле странски туристи (64,6%). Бројот на ноќевања вкупно изнесувал 75.284 ноќевања, од кои 20.099 ноќевања реализирани од домашните туристи (26,7%) и 55.185 ноќевања реализирани од странските туристи (73,3%). Со просечен престој од околу 2 дена. [2], [3]
Од странските туристи, најбројни биле туристите од Грција, 2418, од Србија, 1714, од Германија, 1468, од Австралија, 1304, од Бугарија, 1131, од Албанија, 1129, од Турција, 935 итн. Со просечен престој од 1 до над 4 дена [2], [3]

Од лично искуство, како лиценциран туристички водич, и од разговорите со менаџери во туристички агенции, консултирање на туристички брошури и веб стани каде се изложени туристичките аранжмани, констатираме, дека најголем број од туристите реализираат еднодневно разгледување на градот или повеќе дневен престој во Битола. Па така, покрај разгледување на Широк Сокак, Саат Кулата, Безистенот, Старата Чаршија, задолжителна е посета на верски објекти и тоа на една или повеќе (цркви - Св. Димитрија, најстара и најголема катедрална црква, Св. Богородица – втора голема црква, џамии - Исак Челеби ибн Иса, најстара и најголема џамија во градот, Јени џамија или Газар Хајдар Кади, како и католичката катедрала (Пресвето Срце Исусово), музејот и сл. [1]

## 3. Услови за развој на верски и манастирски туризам

Податоци за услови за развој на верски и манастирски туризам се добиени од теренски сондажи и анкети со домаќините на манастирите. Во анализата се обработени верски објекти – манастири, кои имаат услови за развој на стационарен манастирски туризам во општина Битола, а тоа се 13 православни манастири со конаци во кои има соби и легла за сместување на гости (Види: Карта 1 и Табела 4).




Карта 1. Разместеност на манастири со конаци во Општина Битола
Map 1. Location if the monasteris with lodgings in the Municipality of Bitola

Табела 4. Манастири со конаци и сместувачки капацитети за гости
Table 4. Monasteries with lodgings and accommodation facilities for guests

| **Рб** | **Име на манастир со конаци, датум на прослава и локација** | **Соби** | **Легла** | **Забелешка** |
|---|---|---|---|---|
| 1. | Св. Христифор или Преображение на Господ Исус Христос, 19.08., с. Крстоар | / | / | Женско монаштво Без соби за гости |
| 2. | Св. Апостоли Петар и Павле, 12.07., с. Црновец | / | / | Машко монаштво Без соби за гости |
| 3. | Собор на Св. Архангел Михаил, 21.11., с. Лисолај | 6 | 20 | Домаќин, лице од селото |
| 4. | Св. Ана, 07.08., с. Маловишта | 20 | 70 | Домаќин, лице од селото |
| 5. | Св. Пророк Илија, 02.08., с. Ротино | 6 | 20 | Домаќин, лице од селото |
| 6. | Св. Успение на Пресвета Богородица, 28.08., с. Трново | 6 | 20 | Домаќин, лице од селото |
| 7. | Св. преподобна маченичка Параскева (Петка) Римјанка, 08.08., (летна Света Петка), с. Цапари | 7 | 60 | Домаќин, лице од селото |
| 8. | Св. Пророк Илија, 02.08., с. Драгош | 6 | 20 | Домаќин, лице од селото |
| 9. | Св. Преображение Господово, 19.08., с. Гопеш | 8 | 40 | Домаќин, лице од селото |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| 10. | Св. Георги Победоносен, 06.05., с. Велушина | 6 | 30 | Домаќин, лице од селото |
| 11. | Св. Меркури, 07.12., с. Барешани | 6 | 30 | Домаќин, лице од селото |
| 12. | Св. Преображение Христово, 19.08. или Св. Сотир | 15 | 70 | Домаќин, лице од селото |
| 13 | Св. Атанасије Велики, 15.05., месност Смолево, периферија на Битола | 4* | 20* | Домаќин, лице од село Лавци |
| **13** | **Вкупно:** | **90** | **400** | |

Извор: Теренска анкета. *Во завршна фаза од изградба

Од Табела 4 се гледа дека општина Битола вкупно има 13 манастири со конаци, од кои два манастири имаат активен монашки живот и се од затворен тип, без можност за прием на гости – туристи. Останатите 11 манастири располагаат со вкупно 90 соби и 400 легла. Дел од собите се со повеќе кревети – легла. Манастир со најмногу соби и легла е манастирот Св. Ана, над село Маловишта, со вкупно 20 соби со капацитет на 70 верници или гости. Овој манастир најмногу е посетен во пресрет и за време на празникот Св. Ана, кој секогаш се паѓа на 07.август. [4], [8]

Во непосредна близина на град Битола, јужно од градот во месноста Смолево (старо раселено село), на околу 770 мнв се наоѓа еден манастир со конаци, а тоа е манастирот Св. Атанасије Велики. Овој манастир за скоро време ќе располага со 4 соби и 20 легла, за сместување на верници и туристи. [8] Други важни параметри за валоризацијата на манастирите: се туристичко географската положба, начинот на пристап до нив, инфраструктураната опременост, уреденост на дворот, опкружувањето на манастирот, содржини и активности за време на престојот, начинот на пристигнување и слично. [7] Дел од овие критериуми или параметри се анализирани и наведени во табела 5.

Табела 5. Анализа на податоци од емпириското истражување на активните манастири во општина Битола
Table 5. Analysis of data from the empirical research of the active monasteries in the municipality of Bitola

| Име и локација на манастирот | Асфалтен пат до манастирот | Водовод | Електрична енергија | Бања | ВЦ | Интернет | Активности за посетителите |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 1. Св. Христифор с. Крстоар | - | + | + | + | + | - | - |
| 2.Св. Апостоли Петар и Павле, с.Црновец | - | + | + | + | + | - | - |
| 3.Собор на Св.Архангел Михаил,с.Лисолај | - | + | + | - | + | - | - |
| 4.Св. Ана, с. Маловишта | - | + | + | + | + | - | - |
| 5.Св. Пророк Илија, с. Ротино | - | + | + | + | + | - | - |
| 6.Св. Успение на Пресвета Богородица, с. Трново | + | + | + | + | + | - | - |
| 7.Св.Параскева (Петка Римјанка,с.Цапари | + | + | + | + | + | - | - |
| 8.Св. Пророк Илија, с. Драгош | - | + | + | + | + | - | - |
| 9.Св. Преображение Господово, с. Гопеш | - | + | + | + | + | - | - |
| 10.Св. Георги Победоносен, с. Велушина | + | + | + | + | + | - | - |
| 11.Св. Меркури, с. Барешани | + | + | + | + | + | - | - |
| 12. Св. Преображение или Св. Сотир, с. Буково | - | + | + | + | + | - | - |
| 13.Св. Атанасије Велики, месност Смолево, периферија на Битола | - | + | + | + | + | - | - |

Извор: МПЦ ОА (2021): Православен календар 2021 година, Скопје. Теренско истражување, реализирано во летните месеци во 2020 и 2021 година.

Од табелата 5 можеме да генерализираме дека, само до 4 манастири има асфалтиран пат, потоа сите имаат водовод, електрична енергија, тоалет и бања со помал капацитет на вода. Никој од

манастирите немаат интернет, ниту пак одредени верски или други содржини за верниците или посетителите. Речиси сите манастири имаат уреден двор со зеленило, клупи, маси, чешма и сл.

**4. Заклучок**

Од овој мал труд може да генерализираме неколку заклучоци:

- наведените верски објекти веќе се посетувани од страна на помала или поголема група на туристи и истите се третираат како културно историски споменици, а многу малку како активни верски објекти во кои туристите ќе имаат можност да се запознаат со религиозната практика на верата.
- опремата во конаците на манастирите најчесто е подарок и донација на верници, стопанственици и работни организации, и тоа во кревети, постелнина, килими, теписи, прибор и садови за јадење, маси, столови, клупи, електрични апарати и т.н.. Најголем дел од подарокот и донациите е претходно користена опрема што за домаќините претставува проблем за одржување.
- најголема посетеност верските објекти, во конкретниот случај манастирите, имаат во период на соодветниот верски празник, што секако не е доволно за активен манастирски туризам во текот на годината.
- престојот на гостите не е туристички организиран, нема туристичка понуда и услуга (секој верник за својот престој на манастирот остава пари по сопствен избор) и нема промоција. Затоа, манастирите во друг период од годината, по претходна најава на домаќинот, се посети од поединци, мала група верници, или од едно или две семејства, а ретко од други гости - туристи.
- за време на престој во манастирот нема организирани активности или други содржини, па затоа престојот на гостите во манастирот е краткотраен.
- за организиран верски или манастирски туризам потребна е изработка на стратегија според која ќе се создаваат услови за развивање на овој вид алтернативен туризам кој може да привлече значителен број на туристи.

**Користена литература**

1. Димитров, Н., Огненовски, Т. (2009): Битолски регион – населби, Битола
2. ДЗС, РМ, Попис 2002 г., Вкупно население според изјаснувањето за националната припадност, мајчиниот јазик и вероисповедта. Книга X, Скопје. 3.ДЗС, Туризам и угостителство, превземено август 2021 година
http://makstat.stat.gov.mk/PXWeb/pxweb/mk/MakStat/MakStat_TirizamUgostitel_Turizam
4. Методијески, Д., Ташков, Н., Димитров, Н., (2015): Водич на манастирите во Република Македонија, Скопје
5. МПЦ ОА: http://www.mpc.org.mk/ ; http://www.pppe.mk/za-eparhijata/
6. Павловска, Ј., Никифоровиќ, Н., Коцевски, О. (2011). Божиновска, В. (уред.): Карта на верски објекти во Македонија. Менора, Скопје
7. Панов, Н., (1998): Туристичка валоризација на манастирите во Република Македонија, Бато и Дивајн, Скопје
8. Теренско истражување